# Известување за концентрација со која Мессер СЕ и Ко. КгаА, Германија и Делта Холдинг Д.О.О. Белград, Србија стекнуваат заедничка контрола над Ресити Тецхнологиес Д.О.О., Србија

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвата Мессер СЕ и Ко. КгаА, со регистрирано седиште на Мессер - Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Германија и Делта Холдинг Д.О.О. Белград, со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија, стекнуваат заедничка контрола над Ресити Тецхнологиес Д.О.О., со регистрирано седиште на ул. Владимира Поповиќа бр.8А, Белград, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Мессер СЕ и Ко. КгаА** е компанија од Месер Групацијата која е активна во областа на производство и дистрибуција на технички, индустриски и медицински гасови и истата ќе откупи од Делта Холдинг удел и права на глас од 25,1 % во целната компанија Ресити Тецхнологиес Д.О.О.

Мессер е присутен во Република Северна Македонија како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. “Драгољуб Боцинов„ 4В Скопје и со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови.

**Делта Холдинг Д.О.О. Белград** е компанија од областа на сметководство, ревизија и даночен консалтинг и која поседува удел од 86,5 % и самостојна контрола врз друштвото Ресити Тецхнологиес Д.О.О., компанија која е активна во областа ИТ.

Ресити Тецхнологиес Д.О.О. воопшто не е присутна во Република Северна Македонија.

Мессер СЕ и Ко. КгаА ќе откупи од Делта Холдинг Д.О.О. Белград удел и права на глас во Ресити Тецхнологиес Д.О.О.. По трансакцијата, ова друштво ќе биде заеднички контролирано од Делта Холдинг Д.О.О. Белград со удел од 61,4 %, и Мессер СЕ и Ко. КгаА со удел од 25,1 %, додека останатите иматели на удели се Жељко Штимац со 7,5% од уделите, Анкица Божиќ Супанц со 3% од уделите и Алма Тасиќ со 3% од уделите.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети

страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

25.01.2024 година, Скопје